**пометнуе** - предвреме да роди живо или мртво дете.

**помиа** - остатоци од храната на луѓето, на која се додаваат трици, коприви, вода, се става и сол, а им се дава на свињите да јадат со ставање во дрвено издлабено **корито. в. свиње, корито**

**понаамо** - понаваму, **в. наамо,**

**понапреа** - порано, понапред

**пондила** - посебна просторија во состав на старите куќи или во посебен објект плевна (**пљемња**), во која е сместен добитокот, коњи, крави, кози и др. Во пондилата има посебно заграден дел (**јасљи**), во кој се става сено, слама, љонџа,шушљак и др. за да се храни стоката. Како посебен дел во племната има изградено од камени ѕидови и **котец**, во кој се сместени свињите, а на спратот е изградено и кокошарник, заграден со ситна мрежа, да не влегуваат ласици или кокариња. **в. пљемња, котец, јасљи,**

**поотка** - да се рашета, да пооди малку, споро да оди, на поминување. Мајка ми Јорда често го употребуваше овој збор (*на поотка смо, па, рекофмо малу да ве видимо*).

**поп** - поп, отец, парох, јереј, свештено лице кое е определено од Црквата да врши православни христијански верски обреди на определени места. Мојот пра дедо Спиро Онуфриевски и неговиот син Ѓиго, биле свештени лица- попови, а попови биле и нивните претци: јереј Онуфрие, јереј, Симон, Јереј Китан и др. од свештеничкиот род Лалошои од Лешок. Од Лешок поп беше Стојче Ристовски од родот Петреej, од Непроштено поп беше Ецо Јовановски од родот Ќулафкови, од Теарце поп е Мирко Станковски и денес во Лешок свештеник односно е протоерej Александар Стојановски од Гостивар. **в. јереј, црква, парохиа,**



Поп Стојче Ристовски од Лешок, Ецо Јовановски, Непроштено, Мирко Станковски,Теарце и Александар Стојановски, Гостивар

**попадиа** - сопруга на свештено лица. Попадија била мојата пра баба Менуша, жена на поп Спиро, а попадија била и Детелина, женатa на јереј Онуфрие (поп Онче).

**попара** - попара, јадење, јадење од надробени парчиња постар сув леб,

**попарени** - натопени во млеко (пресно, кисело, матеница-**муќенца**, и др. течности ).

**Попарооj** - род од Лешок, Домашна слава е **Петковден**. Куќите им се во Тенеќе маало, под Тумба. Родот Попарооj некаде е запишано дека има заедничко потекло со родот Станкооj, Попооj, Пиперкооj, но, тоа не е точно утврдено, бидејќи на родот Лешкооj односно Попооj домашна слава им е Св. Никола. Од овој род е Стојан Дамјан Настовски, кој загинал во Балканските војни во 1913 год. ( Р. бр.81, стр. 21 - 24 и 47 - 49). Повеќето од овој род се иселени на повеќе места, а во Лешок јас го знам Петре Попара, кој ги имаше синовите Драгољуб, Душко и Анѓелко. Од овој род беше Петре Груевски Серсен, кој бил голман во ФК ЛЕШОК, во 1949 год. Види, (Р. бр. 3, стр. 76-77 и Р. бр. 12, стр. 67 ). **в. слава, Споменик, род, Станкооj, Пиперкооj,**

**Попооj** - во Лешок има два поповски односно свештенички родови: **Лалошои (Лалошооj)** од Старо или Бакар маало, на кои слава е Пречиста

и **Лешкови (Љешкооj)** од Тенеќе маало, на кои слава е Св. Никола. Поповскиот род **Лалошои** има свештени лица веќе четири века во континуитет.




Наслов на мојата книга на ЦД Диск; Поповската фамилија и род Спироски.. од Лешок

Потомците на родот Лалошои се ословуваат, а некои лица имаат земено и презимиња, прекари со: Попоски, Поповски, Попооj, Попов, поп Спироф, поп Ѓигооj, поп Спироски, поп Ончееj и сл. Презимето Поповски и Попов го имаа Андро Поповски, Томе Поповски, Драго Поповски, Ане Попоски, Јове Попоски, Јасре Попоски, Сандро Попов, Олга Тодор Поповска (м.Минчева), Дафинка Поповска (м.Усанчевиќ), Јовица Поповски, Ивица Поповски и многу др.



Андро Попоски, Томе Попоски,Сандро Попов, Драго Попоски и Олга Попоска(м. Минчева)

Во Лешкооj во минатото имало само три свештени лица, а после тоа нема. Во Лешок и во родот Лешкооj, само Крсто Т. Поповски и син му Тони Поповски го имаат презимето Попоски. ( Р. бр. 1, **в. Лалошои** ( Лалошооj), **в. слава, род, Јасреej, Спироој, Онуфрие, Пречиста,** [http://spiroski.com.mk/](http://spiroski.com.mk/)



Три родени браќа од поповскиот род Лалошооj од Лешок со три презимиња: Јове Поповски, Илија Јастревски и Борис Ончевски

**Попооj јасике** - плодни ниви во атарот на Лешок, под железничката пруга, блиску до атарот на Слатина. Порано овие ниви биле сопственост на поповскиот род Лалошои од Лешок.

**попосље** - попосле, малку подоцна,

**Попоски** - презиме кои го носат многу лица од свештеничкиот род Лалошооj, а го има и кај две лица од Лешкооj, вториот свешетенички род од Лешок. **в. Попооj,**

**попрф** - попрв,

**порес** - данок, оданочување,

**породи** - жена роди дете, **в. сол,сни, трудна,**

**Пороj** - село во Полог, на патот од Тетово кон Вратница, пред Непроштено и Џепчиште. Името го добило поради големи наноси од Шара, при пороjни дождови. Така беше во 1968 година, кога надојде и донесе огромни карпи од Шара, и го покрија Џадето, кое не беше расчистено неколку гдини. Таа, 1968 г. огромните порођни наноси надојдоа и низ Лешочката река и го издлаби коритото неколку метри.

**порта** - врата дрвена,